

# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# СООБРАЌАЈНА ЛЕКТИРА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Општина Карпош во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП), започна едукативна кампања кај основците, за безбедноста во сообраќајот. За таа цел денеска, раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес од Општина Карпош, Анета Марковска-Илиевска, им подели на третоодделенците од ООУ „Лазо Трповски“, информативен материјал насловен како „сообраќајна лектира“, потсетувајќи ги учениците дека безбедноста во сообраќајот е најважна лекција.

Едукативната брошура содржи пет лекции, кои илустративно говорат за користење на пешачките премини, преземање на безбедносни мерки при возењето со велосипед, автомобил и користењето на јавниот превоз, како и толкување на поважните сообраќајни знаци кои се поставени на коловозот. Едукативната кампања продолжува и во останатите основни училишта во Општина Карпош, како резултат на долгогодишната соработка меѓу претседателот на локалниот Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата од Општина Карпош, Петре Кузмановски и РСБСП.



# НОВ „ВЕЛО-ОСТРОВ“ ВО КАРПОШ

Под мотото „Вклучи се, за здрава животна средина“, денеска, Општина Карпош и Центарот за климатски промени го промовираа новиот велосипедски остров во паркот спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“ во Општина Карпош. Локацијата на овој „Вело-остров“ непосредно ја избраа карпошани преку претходна јавна електронска анкета, која беше објавена на официјалната веб страна на Општина Карпош, 30 дена пред реализација на проектот.

Целта на оваа акција е да се поттикне користењето на велосипеди како превозни средства, а со тоа и да се намали загадувањето на воздухот и бучавата во Скопје. Оваа активност е дел од акцискиот план за поголема вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки од областа на животната средина, кој е изработен за периодот 2017-2020 година, а самиот проект е финансиран во рамките на програмата за акциски грантови на Civica Mobilitas.

На настанот освен претставници на општината, присуствуваа и учениците од основното училиште „Јан Амос Коменски“, а првите 100 учесници добија флексибилни ленти, беџови, магнети и подметнувачи за чаши, брендирани со логото на проектот, донаторот и пораката за вклучување за поздрава животна средина.






# АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО КАРПОШ

Денеска, Општина Карпош реконструираше два коловоза на својата територија. Во населбата Средно Нерези во близина на црквата Св. Пантелејмон се асфалтираше улицата Козле бр. 11 во должина од 210 метри и три метри во широчина. Изведувач на градежните работи е фирмата „Изолација“, а локалната самоуправа за оваа интервенција издвои околу 500.000 денари.

Нов асфалт доби и дел од улицата Миле Поп Јорданов, која се наоѓа во близина на ООУ „Владо Тасевски“ во населбата Козле. Реконструиран е коловозот во должина од 100 метри и широчина од шест метри. Инфраструктурниот зафат го изведува фирмата „Изолација“, а Општина Карпош од својот буџет издвои околу 600.000 денари за оваа намена.






# ЕСЕНСКО ЧИСТЕЊЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Традиционално, како и секоја година, Општина Карпош, освен пролетно спроведува и есенско чистење. Во соработка со Јавното претпријатие „ Комунална хигиена“, од Градот Скопје, екипи на локалната самоуправа и тим од градското претпријатие денеска ги чистеа урбаните заедници Карпош 1 и Карпош 2. Со акцијата ќе бидат опфатени сите 14 урбани и месни заедници кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Екипата од ЈП „ Комунална хигиена“ го собира сметот долж булеварите во овие урбани заедници, додека општинските комунални служби се задолжени за чистење на зелените површини во внатрешноста на урбаните заедници. Акцијата трае веќе седум дена, а ќе продолжи и во наредната седмица.






# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ФРАНЦЕ ПРЕШЕРН ВО НАСЕЛБАТА ВЛАЕ

Општина Карпош денеска реконструираше три крака од улицата Франце Прешерн во урбаната заедница Влае 1, во должина од 420 метри и широчина од четири метри. Според проектната документација на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи од Општина Карпош, се предвидува целосно реновирање на улицата Франце Прешерн со сите 15 краци во должина од 2.518 метри. Изведувач на градежните работи е фирмата „Ескаватори“, а за овој капитален инфраструктурен зафат, локалната самоуправа од својот буџет издвои 8.391.103 денари.



